РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр 13-19398/4-14
26-01-2015 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14 и 130/14), министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на докторски тригодишни студии по Македонистика – Македонска книжевност, заеднички студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", ЈНУ Институт за македонски јазик и ЈНУ Институт за македонска литература при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа студиската програма од трет циклус на докторски тригодишни студии по Македонистика – Македонска книжевност, заеднички студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", ЈНУ Институт за македонски јазик и ЈНУ Институт за македонска литература при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр. 09-379/71 од 04.12.2014 година до Министерството за образование и наука, под наш бр. 13-19389/1 од 10.12.2014 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на тригодишни докторски студии по Македонистика – Македонска книжевност, заеднички студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", ЈНУ Институт за македонски јазик и ЈНУ Институт за македонска литература, акредитирана од страна на Одборот за акредитација и евалуација со Решение бр.12-96/2 од 14.11.2014 година.

Министерот за образование и наука, со Решение бр. 13-19398/2 од 12.12.2014 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус докторски тригодишни студии наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 23.12.2014 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 13-19398/3-14 од 15.01.2015 година, каде е наведено дека за заедничката студиска програма наведена во точка 1 на ова Решение, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Abdilaqim Ademi

Доставено до:
- Примачот
-Архива
изработил: Нухи Ајдини
контролирал: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити